2025

JРП Македонска
Радио Телевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА JРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.01 - 31.03.2025ГОДИНА

I Квартал

## СОДРЖИНА

ВОВЕД....3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 01.01- 31. 03. 2025 Г....3

ПРИХОДИ....4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.01 – 31.03.2025 Г....5

ТРОШОЦИ....6

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ ВО ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.01-31.03.2025Г....6
Трошоци за вработените....6
Патни и транспортни трошоци....7
Заеднички трошоци....7
Програмски права....8
Останати трошоци од работење....9
Инвестиции....9

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.01 - 31.03.2025 Г....10

Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.03.2025 г.....13

СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.03.2025 ГОДИНА, РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ НА 31.03.2025 Г....14

Побарувања од купувачите во земјата....14
Побарувања од купувачите во странство....14

СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2025 Г....15

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2025 Г....16

# ВОВЕД

JРП Македонска Радио Телевизија е јавен радиодифузен сервис кој подготвува и емитува програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и / или интернет, со 24 часовно времетраење, дел од програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, JРП Македонска Радио Телевизија изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

За реализација на програмските содржини во првото тримесечје од 2025 година Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 328.062.713 денари и расходи во износ од 322.718.410 денари при што е остварен позитивен финансиски резултат во износ од 5.344.303 денари.

**ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА JРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.01-31.03.2025 ГОДИНА**

| ОПИС | Остварување 01.01.-31.03.2024г. | | Финансиски план 2025г. | | Остварување 01.01.-31.03.2025г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **316,246,913** | **100.0** | **1,411,864,000** | **100.0** | **328,062,713** | **100.0** | **103.7** | **23.2** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **285,450,955** | **90.3** | **1,342,236,000** | **95.1** | **322,718,410** | **98.4** | **113.1** | **24.0** |
| Трошоци за вработени | 133,165,300 | 42.1 | 659,650,000 | 46.7 | 151,738,855 | 46.3 | **113.9** | **23.0** |
| Патни и транспортни трошоци | 1,477,944 | 0.5 | 9,200,000 | 0.7 | 1,846,109 | 0.6 | **124.9** | **20.1** |
| Заеднички трошоци | 42,577,219 | 13.5 | 170,210,000 | 12.1 | 38,734,817 | 11.8 | **91.0** | **22.8** |
| Програмски права | 91,483,887 | 28.9 | 425,426,000 | 30.1 | 111,413,604 | 34.0 | **121.8** | **26.2** |
| Останати трошоци од работење | 16,746,605 | 5.3 | 77,750,000 | 5.5 | 18,985,025 | 5.8 | **113.4** | **24.4** |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **30,795,958** | | | | **5,344,303** | | | |

# ПРИХОДИ

Во првото тримесечје од 2025 година во тековното работење на МРТ остварени се приходи во вкупен износ од 328.062.713 денари.

Приходот за финансирање на радиодифузна дејност кој го добива ЈРП МРТ од Буџетот на државата, како основен извор на финансирање на тековното работење, во анализираниот период од годината е остварен во вкупен износ од 315.466.002 денари. Во овој контекст значајно е да се напомене дека по укинување на наплатата на радиодифузна такса за прв пат во овој квартал МРТ е финансирана од страна на државата и Министерството за дигитална трансформација согласно законските одредби утврдени во член 5 од Законот за ААВМУ.

По основ на технички и други услуги во странство (коментаторски позиции, ISDN линии и останати услуги) како и услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и останати услуги) остварени се приходи во вкупен износ од 628.071 денар.

Ставката останати деловни приходи има реализација во износ од 2,304,903 денари а истата опфаќа приходи по основ на вредносно усогласување на побарувања по основ на РДТ, потоа приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, дополнително утврдени приходи од минати години и слично.

Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 66.964 денари додека пак, приходот по основ на наплата на судски одлуки во корист на МРТ изнесува 15,826 денари.

Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги) е остварен во износ од 9.580.947 денари што е реализација од 2,9% во однос на планираните средства во Финансискиот план за 2025 година за оваа намена.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.01 – 31.03.2025 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.01-31.03.2024 год. | Планирани приходи за 2025 год. | Остварени приходи 01.01-31.03.2025 год. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приход од Буџет на РСМ - средства за финансирање на радиодифузна дејност | 305,999,999 | 1,261,864,000 | 315,466,002 | 103.1 | 25.0 | 96.2 |
| Закупнини | 67,423 | 500,000 | 66,964 | 99.3 | 13.4 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 517,314 | 5,500,000 | 554,278 | 107.1 | 10.1 | 0.2 |
| Приходи од странство (технички услуги и останати услуги.) | 0 | 4,000,000 | 73,793 | 0.0 | 1.8 | 0.0 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски,приходи од минати години) | 4,675,994 | 39,000,000 | 2,304,903 | 49.3 | 5.9 | 0.7 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 0 | 1,000,000 | 15,826 | 0.0 | 1.6 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 4,986,183 | 65,000,000 | 9,580,947 | 192.1 | 14.7 | 2.9 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 0 | 35,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **316,246,913** | **1,411,864,000** | **328,062,713** | **103.7** | **23.2** | **100.0** |

# ТРОШОЦИ

Во текот на периодот 01.01-31.03.2025 година, во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 322.718.410 денари.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.01-31.03.2025 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2024г. | Финансиски план 2025г. | Остварување 01.01-31.03.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци на вработените | 133,165,300 | 659,650,000 | 151,738,855 | 113.9 | 23.0 |
| Патни и транспортни трошоци | 1,477,944 | 9,200,000 | 1,846,109 | 124.9 | 20.1 |
| Заеднички трошоци | 42,577,219 | 170,210,000 | 38,734,817 | 91.0 | 22.8 |
| Програмски права | 91,483,887 | 425,426,000 | 111,413,604 | 121.8 | 26.2 |
| Останати трошоци од работење | 16,746,605 | 77,750,000 | 18,985,025 | 113.4 | 24.4 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **285,450,955** | **1,342,236,000** | **322,718,410** | **113.1** | **24.0** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 6,261,064 | 69,628,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **6,261,064** | **69,628,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **291,712,019** | **1,411,864,000** | **322,718,410** | **110.6** | **22.9** |

## Трошоци за вработените

Групата Трошоци за вработени во првото тримесечје од 2025 година бележи остварување во вкупен износ од 151.738.855 денари или 23.0% во однос на средствата планирани за оваа намена. Оваа група на трошоци ги опфаќа трошоците за бруто плати на вработените кои во анализираниот период изнесуваат 149.553.550 денари и кои бележат повисоко остварување во однос на истиот период минатата 2024 година од причина што почнувајќи од месец Август 2024 година извршено е усогласување на минималната плата на вработените во МРТ со минималната нето плата на ниво на држава а согласно потпишаните измени во Колективниот договор склучен помеѓу Синдикатот на МРТ и Програмскиот совет на МРТ. Оваа група ги опфаќа и трошоците за отпремнина на вработените кои оствариле право за пензија и кои изнесуваат 844.762 денари, трошоците за разни видови надоместоци за вработените (помош во случај на смрт на вработен или член на потесно семејство, боледување подолго од шест месеци, надомест за вработени кои имаат деца со попреченост и сл.) во вкупен износ од 308.018 денари како и трошоците за јубилејни награди на вработените за остварен работен стаж во МРТ од 10,20,30,35 и 40 години во износ од 1.020.665 денари и трошоците за едукација (обуки од разни области, учество на советувања, семинари и слично) реализирани во износ од 11.860 денари. Просечната плата во анализираниот периодод од 2025 година изнесува 52.659 денари.

### Патни и транспортни трошоци

Групата патни и транспортни трошоци е остварена во вкупен износ од 1.846.109 денари и истата е реализирана со 20,1% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2025 година за оваа намена.

Трошоците за патување на екипите на МРТ за реализирање на програмски цели во земјата, покрај известување за тековните дневни настани, се однесува и на присуството на екипите на МРТ при пренос и известување од разни настани од областа на спортот (фудбал, одбојка, ракомет, кошарка и слично), снимања потребни за разни емисии, преноси од настани и слично. Од реализираните патувања во странство во првото тромесечје за 2025 година би ги спомнале патувањата на екипите на МРТ во: Вараждин – учество на разговори за соработка помеѓу МРТ и ХРТ и посета на дописниот центар на ХРТ Чаковец – Вараждин, Солун и Ла Валета – водење разговори во врска со откуп на лиценци за емитување на спортски настани, Дизелдорф- присуство на состанок за виртуелна и проширена реалност, Вараждин- известување од Светското првенство во ракомет, Њујорк – присуство на Palm Spring - меѓународен филмски фестивал, Приштина – известување од парламентарните избори во Косово, Белград  - увид во објект на дописен центар на МРТ, Солун – учество на состанок на претставници на канцелариите за меѓународна соработка на јавните сервиси од регионот членки на ЕБУ, Белград – известување од протестите, Вадуз – коментирање на фудбалскиот натпревар помеѓу Лихтенштајн и Македонија во рамки на УЕФА квалификациите за Светското првенство во фудбал кое треба да се одржи во 2026 година, Брисел - студиска посета фокусирана на процесот на европското проширување и увид во работата на актуелното раководство на Европската Унија.

Во рамки на патувањата во странство се вбројуваат и патувањата на екипите на МРТ во Вашингтон, Аушвиц - Полска, Минхен, Баку, Будимпешта и слично со цел известување на ТВ гледачите и Ра слушателите на МРТ од посетите на државниот врв на РСМ.

### Заеднички трошоци

Во првиот квартал од 2025 година групата на заеднички трошоци бележи остварување во вкупен износ од 38.734.817 денари што е реализација од 22.8% на финансискиот план за 2025 година за оваа намена. Оваа група ги опфаќа трошоците за суровини и материјали (електричен, технички и материјал за поправка и одржување) остварени во вкупен износ од 182.436 денари, трошоците за канцелариски материјал во износ од 112.719 денари, трошоците за енергија – електрична и топлотна како и за гориво и мазиво во вкупен износ од 13.621.537 денари, трошоците за фиксна и мобилна телефонија и интернет во вкупен износ од 962.959 денари како и трошоците за аудио и видео линии неопходни при пренос на програмата а остварени во износ од 873.670 денари. Остварување во рамки на планираните средства бележат и трошоците за обезбедување на објектите и одржување на хигиена во просториите во вкупен износ од 2.349.834 денари, трошоците за инвестиционо и тековно одржување на опремата и објектите во МРТ во вкупен износ од 1.228.380 денари, трошоците за одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од

166.878 денари како и трошоците за технички преглед и одржување на возилата во вкупен износ од 51.126 денари. Трошоците за комунални услуги исто така се реализирани во рамки на планираните износи и истите изнесуваат вкупно 1.444.049 денари, додека пак за опремата и другите основни средства кои МРТ ги користи во своето тековно работење пресметани се трошоци за амортизација во износ од 8.107.110 денари. Трошоците за репрезентација бележат остварување во износ од 436.718 денари, додека за банкарски услуги остварени се трошоци во износ од 158.800 денари и истите опфаќаат реализиран платен промет во земјата и странство по основ на тековни плаќања на обврски по договори за откуп на права за емитување на спортска и играна – филмска програма, за аудио и видео линии, членарини кон ЕБУ, ЦИРКОМ и слично. За надомест на трошоците за одржани седници на членовите на Програмскиот совет и Надзорниот одбор на МРТ реализирани се вкупно 2.067.796 денари а истите се пресметуваат согласно Законот за ААВМУ. Реализација во рамки на планираните износи бележат и трошоците за даноци (данок на приход за исплати во странство/задржан данок, данок на имот и сл.) со остварување во износ од 3.288.778 денари кои во најголем обем произлегуваат од плаќањата кон странство во анализираниот период а по основ на откупена филмска и спортска програма. Трошоците за камати од работење и затезни камати остварени се во износ од 1.337.380 денари, а негативни курсни разлики во овој период остварени се во износ од 887.175 денари и истите произлегуваат и се пресметуваат според промените на вредноста на валутите во кои МРТ врши плаќања на своите обврски спрема странските добавувачи. Во оваа група спаѓаат и дополнително утврдените расходи од минати години кои се остварени со износ од 1.089.328 денари чие остварување произлегува од фактурирана реализација во анализираниот период а која се однесува на договори склучени во минати години.

## Програмски права

Групата на трошоци за откуп на програмски права за емитување на програма е остварена во вкупен износ од 111.413.604 денари што претставува 26,2% реализација на планираниот износ со финансискиот план за 2025 година за оваа намена.

За откуп на права за пренос и емитување на спортски настани како Светски куп во биатлон, евидентирани фактури за пренос и емитување на алпско и нордиско скијање, UEFA Европско првенство во фудбал, Светско првенство во водени спортови и за други лиценцирани спортски содржини, фактурираната реализација на трошоци во анализираниот период изнесува 33.496.942 денари.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 2.926.759 денари и таа во овој период опфаќа емитување на лиценцирани вести од интернет, ТВ права за емитување на 97то доделување на филмските награди Оскар, ТВ права за емитување на Виенски концерт, трошоци за откуп на права за емитување на документарни емисии, информативни емисии, емисии од едукативен и забавен карактер каков што е на пример квизот за најмладите со наслов Мислотека и слично.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 52.035.344 денари и опфаќаат реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на серијали од најразновидни жанрови како и за реализација на емисии од областа на модата, музиката, сообраќајот, забавно-контактни емисии, детски емисии и слично, какви што се на пример ТВ проект Приказна, ТВ проектот 360 Степени, ТВ проект Авантури низ знаењето, ТВ проект Агенда 35, ТВ проект за деца Тинтири Минтири шоу, потоа ТВ серијалот Народни приказни на албански јазик, ТВ проект Партнерство за квалитетни реформски процеси преку истражувачко и аналитичко новинарство, ТВ проект Јавниот сервис како гарант за демократија и социјална кохезија, ТВ проект Македонски олимпијци, копродукција за радио емисија со наслов Домашна работа, изработка на аудиовизуелни содржини за потребите на ТВ програмските сервиси и слично.

Трошоците во износ од 22.954.559 денари се однесуваат на откуп на права за емитување на серии и филмови од најразлични жанрови за повозрасните групи на гледачи но и на детски анимирани серии наменети за најмладата популација.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци бележи вкупна фактурирана реализација во износ од 18.985.025 денари и истата ги опфаќа трошоците за добиени адвокатски и нотарски услуги во износ од 93.191 денар, трошоците за ревизија на финансиски извештаи реализирани во износ од 835.440 денари, трошоците за технички услуги во износ од 954.402 денари, трошоците за авторски договори во износ од 7.999.082 денари кои се неопходни за надоместување на континуираниот недостиг од нови вработувања како и трошоците за годишни членарини – ЕБУ, ЦИРКОМ и слично во износ од 4.161.584 денари и за мало авторско право – ЗАМП кои изнесуваат 4.896.399 денари.

## Инвестиции

Во делот на планираните инвестиции во нова опрема и други инвестиции, со Годишниот финансиски план на МРТ за 2025 година планирани се 69.628.000 денари но, во првиот квартал од годината нема фактурирана реализација за започнатите постапки за јавни набавки, односно истите се во тек.

**АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.01 - 31.03.2025 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2024г. | Финансиски план 2025г. | Остварување 01.01-31.03.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плата за вработени | 132,067,041 | 630,000,000 | 149,553,550 | 113.2 | 23.7 |
| Регрес за годишен одмор | 0 | 18,700,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Отпремнина за одење во пензија | 234,378 | 2,500,000 | 844,762 | 360.4 | 33.8 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени,помош во случај на смрт на вработен или на член на семејство и други трошоци) | 341,601 | 2,500,000 | 308,018 | 90.2 | 12.3 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 0 | 5,000,000 | 1,020,665 | 0.0 | 20.4 |
| Трошоци за здравствени услуги | 515,200 | 650,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 7,080 | 300,000 | 11,860 | 167.5 | 4.0 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **133,165,300** | **659,650,000** | **151,738,855** | **113.9** | **23.0** |
| **Патни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 317,756 | 2,000,000 | 374,882 | 118.0 | 18.7 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 636,252 | 3,800,000 | 1,170,528 | 184.0 | 30.8 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 481,546 | 2,500,000 | 256,909 | 53.4 | 10.3 |
| Сопствено возило за службени потреби | 6,333 | 300,000 | 10,082 | 159.2 | 3.4 |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 36,057 | 250,000 | 32,508 | 90.2 | 13.0 |
| **Вкупно 2** | **1,477,944** | **8,950,000** | **1,844,909** | **124.8** | **20.6** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 0 | 250,000 | 1,200 | 0.0 | 0.5 |
| **Вкупно 3** | **0** | **250,000** | **1,200** | **0.0** | **0.5** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **1,477,944** | **9,200,000** | **1,846,109** | **124.9** | **20.1** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 14,815 | 1,400,000 | 45,724 | 308.6 | 3.3 |
| Технички материјал | 230,722 | 1,400,000 | 103,512 | 44.9 | 7.4 |
| Сценографски материјали, реквизита и друго | 0 | 550,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за шминка и фризура | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 0 | 300,000 | 33,200 | 0.0 | 11.1 |
| **Вкупно 4** | **245,537** | **3,750,000** | **182,436** | **74.3** | **4.9** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 310,221 | 1,000,000 | 112,719 | 36.3 | 11.3 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 8,118 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **318,339** | **1,500,000** | **112,719** | **35.4** | **7.5** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 4,506,953 | 29,000,000 | 6,997,137 | 155.3 | 24.1 |
| Трошоци за топлотна енергија | 7,599,944 | 16,000,000 | 6,011,084 | 79.1 | 37.6 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 395,235 | 2,500,000 | 613,316 | 155.2 | 24.5 |
| **Вкупно 6** | **12,502,132** | **47,500,000** | **13,621,537** | **109.0** | **28.7** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2024г. | Финансиски план 2025г. | Остварување 01.01-31.03.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 281,730 | 1,500,000 | 5,362 | 1.9 | 0.4 |
| **Вкупно 7** | **281,730** | **1,500,000** | **5,362** | 1.9 | 0.4 |
| ***8)Поштенски,телефонски услуги,интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 134,970 | 600,000 | 139,472 | 103.3 | 23.2 |
| Телефонски трошоци-мобилна телефонија | 473,640 | 2,000,000 | 624,491 | 131.8 | 31.2 |
| Трошоци за интернет | 201,712 | 1,000,000 | 198,996 | 98.7 | 19.9 |
| Поштарина | 47,754 | 300,000 | 20,041 | 42.0 | 6.7 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 2,272,357 | 3,000,000 | 873,670 | 38.4 | 29.1 |
| **Вкупно 8** | **3,130,433** | **6,900,000** | **1,856,670** | **59.3** | **26.9** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на објектите на МРТ | 1,124,466 | 5,200,000 | 1,261,656 | 112.2 | 24.3 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 1,065,628 | 5,200,000 | 1,086,662 | 102.0 | 20.9 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 814,997 | 3,300,000 | 141,718 | 17.4 | 4.3 |
| Одржување на возила | 108,208 | 2,500,000 | 48,526 | 44.8 | 1.9 |
| Одржување на GPS, ситен инвентар и автогуми | 12,489 | 150,000 | 11,196 | 89.6 | 7.5 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна | 250,170 | 1,000,000 | 166,878 | 66.7 | 16.7 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 1,108,020 | 4,400,000 | 1,088,178 | 98.2 | 24.7 |
| **Вкупно 9** | **4,483,978** | **21,750,000** | **3,804,814** | **84.9** | **17.5** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 180 | 30,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Дератизација и дезинсекција | 0 | 500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за ѓубретарина | 207,993 | 1,000,000 | 203,793 | 98.0 | 20.4 |
| Трошоци за вода | 820,958 | 3,500,000 | 1,240,256 | 151.1 | 35.4 |
| **Вкупно 10** | **1,029,131** | **5,030,000** | **1,444,049** | **140.3** | **28.7** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 51,804 | 600,000 | 68,184 | 131.6 | 11.4 |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и слично | 14,906 | 400,000 | 2,600 | 17.4 | 0.7 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 4,846 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци,сервисирање на ПП апарати) | 0 | 350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за фотокопирање | | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **71,556** | **1,650,000** | **70,784** | **98.9** | **4.3** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 7,886,488 | 50,250,000 | 8,107,110 | 102.8 | 16.1 |
| **Вкупно 12** | **7,886,488** | **50,250,000** | **8,107,110** | 102.8 | 16.1 |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања, ревалоризација на обврски, побарувања од купувачите и отпис на побарувања (РДТ и други побарувања) и останато | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **0** | **200,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 196,176 | 800,000 | 436,718 | 222.6 | 54.6 |
| **Вкупно 14** | **196,176** | **950,000** | **436,718** | **222.6** | **46.0** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2024г. | Финансиски план 2025г. | Остварување 01.01-31.03.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 16,812 | 2,500,000 | 16,287 | 96.9 | 0.7 |
| **Вкупно 15** | **16,812** | **2,500,000** | **16,287** | **96.9** | **0.7** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 119,513 | 590,000 | 158,800 | 132.9 | 26.9 |
| **Вкупно 16** | **119,513** | **600,000** | **158,800** | **132.9** | **26.5** |
| ***17)Останати  трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди, консултанти, сертификати и слично | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 41,687 | 150,000 | 41,687 | 100.0 | 27.8 |
| **Вкупно 17** | **41,687** | **450,000** | **41,687** | **100.0** | **9.3** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови па надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ | 2,160,775 | 10,000,000 | 2,067,796 | 95.7 | 20.7 |
| **Вкупно 18** | **2,160,775** | **10,000,000** | **2,067,796** | 95.7 | 20.7 |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 641,885 | 5,000,000 | 3,288,778 | 512.4 | 65.8 |
| Судски трошоци и административни такси | 65,242 | 200,000 | 9,530 | 14.6 | 4.8 |
| **Вкупно 19** | **707,127** | **5,200,000** | **3,298,308** | **466.4** | **63.4** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 8,738 | 100,000 | | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 20** | **8,738** | **100,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години, останати расходи од работење | 6,811,353 | 2,000,000 | 1,089,328 | 16.0 | 54.5 |
| **Вкупно 21** | **6,811,353** | **2,000,000** | **1,089,328** | **16.0** | **54.5** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 1,710,423 | 5,500,000 | 1,337,380 | 78.2 | 24.3 |
| **Вкупно 22** | **1,710,423** | **5,500,000** | **1,337,380** | **78.2** | **24.3** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 636,801 | 2,000,000 | 887,175 | 139.3 | 44.4 |
| **Вкупно 23** | **636,801** | **2,000,000** | **887,175** | **139.3** | **44.4** |
| ***24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра надвор од тендерска постапка | 218,490 | 880,000 | 195,857 | 89.6 | 22.3 |
| **Вкупно 24** | **218,490** | **880,000** | **195,857** | **89.6** | **22.3** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **42,577,219** | **170,210,000** | **38,734,817** | **91.0** | **22.8** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 0 | 68,000,000 | 22,954,559 | 0.0 | 33.8 |
| Останати програмски права | 35,725,413 | 24,826,000 | 2,926,759 | 8.2 | 11.8 |
| Надомест за фестивали | 0 | 600,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Права за спортски настани | 31,307,613 | 54,000,000 | 33,496,942 | 107.0 | 62.0 |
| Копродукциски проекти | 24,450,861 | 278,000,000 | 52,035,344 | 212.8 | 18.7 |
| **Вкупно 25-програмски права** | **91,483,887** | **425,426,000** | **111,413,604** | **121.8** | **26.2** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2024г. | Финансиски план 2025г. | Остварување 01.01-31.03.2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 44,974 | 400,000 | 44,927 | 99.9 | 11.2 |
| Останати наемнини - ангажирање/наем на економски оператори за реализација на настан - Асамблеа/Собрание на ЕБУ | 0 | 4,750,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 26** | **44,974** | **5,150,000** | **44,927** | **99.9** | **0.9** |
| ***27) Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 249,172 | 1,000,000 | 93,191 | 37.4 | 9.3 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 817,740 | 1,000,000 | 835,440 | 102.2 | 83.5 |
| Услуги за вештачење | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 138,809 | 1,000,000 | 954,402 | 687.6 | 95.4 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти, стручни мислења и слично) | 9,340 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Агенциски услуги во земјата и странство - информативни | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 6,215,594 | 26,000,000 | 7,999,082 | 128.7 | 30.8 |
| Трошоци за проект Евровизија | 112,083 | 2,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за судски извршители | 5,469 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 27** | **7,548,207** | **31,700,000** | **9,882,115** | **130.9** | **31.2** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 4,370,726 | 17,500,000 | 4,161,584 | 95.2 | 23.8 |
| Котизации и акредитации | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 4,781,198 | 18,000,000 | 4,896,399 | 102.4 | 27.2 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 0 | 5,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 28** | **9,151,924** | **40,800,000** | **9,057,983** | **99.0** | **22.2** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 1,500 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 29** | **1,500** | **100,000** | **0** | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **16,746,605** | **77,750,000** | **18,985,025** | 113.4 | 24.4 |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **285,450,955** | **1,342,236,000** | **322,718,410** | **113.1** | **24.0** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема и други инвестиции | 6,261,064 | 69,628,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **6,261,064** | **69,628,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **291,712,019** | **1,411,864,000** | **322,718,410** | **110.6** | **22.9** |

## Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.03.2025г

**Состојбата на *денарските* сметки на ЈРП МРТ на 31.03.2025г изнесува:**

- Комерцијална банка 628.434 денари
- Халк банка 32.321.236 денари
- Стопанска банка 346.608 денари
- Тутунска банка 356.641 денари
- Шпаркасе банка 566.494 денари
- Силк Роад банка 16.938 денари
- Прокредит банка 2.591 денари

***Вкупно на сметки : 34.238.942 денари***

## Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 31.03.2025 година изнесува:

- Стопанска банка 122 УСД
- Комерцијална банка 4.124 ЕУР
  1.770 АУД
  104 ДКК
- Прокредит банка 3.666 ЕУР

## СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.03.2025 ГОДИНА

### РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 31.03.2025 ГОДИНА

| ОПИС | Состојба на 31.12.2024 | Состојба на 31.03.2025 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| **Побарувања од купувачите во земјата** | **2,044,752,299** | **2,054,279,098** | **100.5** |
| **Побарувања од купувачите во странство** | **44,275,442** | **38,747,682** | **87.5** |
| **Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите** | **-2,070,466,945** | **-2,069,501,156** | **100.0** |
| **Вкупно:** | **18,560,796** | **23,525,624** | **126.7** |

### Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2024 | Состојба на 31.03.2025 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - редовни побарувања | 2,020,285,659 | 2,029,812,458 | 100.5 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 24,466,640 | 24,466,640 | 100.0 |
| - вредносно усогласување на побарувањата во земјата | -2,033,549,054 | -2,032,583,265 | 100.0 |
| **Вкупно:** | **11,203,245** | **21,695,833** | **193.7** |

Ненаплатените побарувања од купувачите во земјата изнесуваат вкупно 21.695.833 денари а се однесуваат на следните видови побарувања:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2024 | Состојба на 31.03.2025 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,011,809,452 | 2,010,843,807 | 100.0 |
| - радио и телевизиски реклами | 4,936,076 | 15,453,814 | 313.1 |
| - закуп на основни средства | 111,843 | 134,647 | 120.4 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (вода, струја, закуп) | 3,021,334 | 2,973,236 | 98.4 |
| - побарувања по основ на спогодби | 406,954 | 406,954 | 100.0 |
| - тужени побарувања (за РА и ТВ реклами и услуги, закупнини, ел. Енергија и др.) | 24,466,640 | 24,466,640 | 100.0 |
| - вредносно усогласување на побарувањата во земјата | -2,033,549,054 | -2,032,583,265 | 100.0 |
| **Вкупно:** | **11,203,245** | **21,695,833** | **193.7** |

### Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 31.03.2025 година изнесуваат вкупно 1.829.791 денар а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2024 | Состојба на 31.03.2025 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 33,268,528 | 32,667,070 | 98.2 |
| - ТВ услуги | 540,073 | 541,830 | 100.3 |
| - технички услуги | 3,021,048 | 3,030,873 | 100.3 |
| - побарувања од закупнини | 16,786 | 16,841 | 100.3 |
| - отстапени права | 6,951,309 | 2,016,143 | 29.0 |
| - фестивали во странство | 143,195 | 142,303 | 99.4 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 313,243 | 311,293 | 99.4 |
| - останати побарувања од странство | 21,260 | 21,329 | 100.3 |
| - вредносно усогласување на побарувањата на побарувања | -36,917,891 | -36,917,891 | 100.0 |
| **Вкупно:** | **7,357,551** | **1,829,791** | **24.9** |

### РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.03.2025 ГОДИНА

| ОПИС | состојба на 31.12.2024 год. | состојба на 31.03.2025 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **479,517,314** | **409,096,136** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 187,518,255 | 130,341,749 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 74,181,869 | 66,782,678 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 1,307 | 1,307 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД,ПД), даноци и придонеси за плата, камати по истите и сл. | 23,309,342 | 24,528,129 |
| Обврски спрема вработените | 36,453,537 | 33,729,849 |
| Краткорочни обврски кон МФ (доспеана камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 143,163,078 | 143,163,078 |
| Останати краткорочни обврски | 891,956 | 858,136 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 13,996,970 | 9,690,210 |
| Резервирања врз основ на судски спорови (камата и главен долг) | 1,000 | 1,000 |
| **Долгорочни обврски** | **109,822,285** | **109,822,285** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 0 | 0 |
| Репрограмирани обврски за ДДВ, ДД и камати по истите | 0 | 0 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 109,822,285 | 109,822,285 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **589,339,599** | **518,918,421** |

Состојбата на вкупните обврски на 31.03.2025 година изнесува 518.918.421 денар и истата, во однос на состојбата на 31.12.2024 година бележи намалување во износ од 70.421.178 денари.

## СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2025 ГОДИНА

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 31.03.2025 година изнесува вкупно 620 лица, што е помалку за 10 лица во однос на состојбата на 31.12.2024 година.

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2025 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | Д-р | М-р | ВСС | ВС | ССС | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2024 | 2 | 45 | 293 | 6 | 274 | 9 | 1 | 630 | |
| 31.03.2025 | 2 | 44 | 291 | 6 | 268 | 8 | 1 | 620 | -10 |
| структура 31.03.2025г.(%) | 0.3 | 7.1 | 46.9 | 1.0 | 43.2 | 1.3 | 0.2 | 100.0 | |

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2025 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | хрвати | вкупно | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2024 | 419 | 150 | 25 | 17 | 6 | 6 | 4 | 2 | 1 | 630 | |
| 31.03.2025 | 411 | 150 | 23 | 18 | 6 | 6 | 4 | 2 | 0 | 620 | -10 |
| структура 31.03.2025г.(%) | 66.3 | 24.2 | 3.7 | 2.9 | 1.0 | 1.0 | 0.6 | 0.3 | 0.0 | 100.0 | |

Во текот на Првото тримесечје од 2025 година во ЈРП МРТ нема нови вработувања. Во истиот период, по основ на стекнување на право на старосна пензија од МРТ се заминати 9 лица и тоа: еден Раководител на одделение со ССС, еден Уредник на редакција со ВСС, двајца Новинари со ВСС, еден Мајстор на тон со ССС, еден Возач со ССС, еден Техничар со ССС, еден Референт со ССС и еден секретар-асистент на режија со КВ. Едно лице, Магистер - Раководител на Сектор е починато.

Скопје, Мај 2025 година

Директор на ЈРП МРТ

Марјан Цветковски